РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1992
20.10.2016 година
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА
Примено: 05.12.2016
03 - 1784/1

Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП
Примено: 06.12.2016

| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
|---|---|---|---|
| 10 | 2056/1 | 1 | 1 |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15 ,30/16) и 127/16), министерството за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа студиските програми од трет циклус тригодишни докторски студии по Менаџмент, Маркетинг и Меѓународен бизнис на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни докторски студии по Менаџмент, Маркетинг и Меѓународен бизнис на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Економскиот факултет во Прилеп,, единица во состав на Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, се обрати со барање бр. 03-1254/1 од 14.09.2016 година, до Министерството за образование и наука, под УП1 бр. 14-1992 од 16.09.2016 година, за исполнетоста на условите за почеток со работа на на студиските програми од трет циклус тригодишни докторски студии по Менаџмент, Маркетинг и Меѓународен бизнис, акредитирани од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, со решение бр. 12-16/2 од 20.05.2016, ја акредитира студиската програма од трет циклус докторски студии по Менаџмент, бр. 12-16/6 од 20.05.2016 година, ја акредитира студиската програма од трет циклус на докторски студии по Меѓународен бизнис и бр. 12-16/4 од 20.05.2016 година, ја акредитира студиската програма од трет циклус на докторски студии по Маркетинг.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1992 од 03.10.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа за горенаведените студиски програми од точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 14.10.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1992 од 17.10.2016 година, каде е наведено дека за студиските програми од трет циклус тригодишни докторски студии по Менаџмент, Маркетинг и Меѓународен бизнис на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Нухи Адеми
контролирал: Снежана Лузева
одобрил: д-р Алим Рушити